**АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА ПРОВЕРКА НА ОБЈАВЕНИТЕ ДОКУМЕНТИ И ИНФОРМАЦИИ КОИ ВЛАДАТА НА РСМ, МИНИСТЕРСТВАТА И ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ КАКО ИМАТЕЛИ НА ИНФОРМАЦИИ СЕ ОБВРЗАНИ ДА ГИ ОБЈАВАТ НА СВОИТЕ ВЕБ-СТРАНИЦИ



Скопје, декември 2023 година

# СОДРЖИНА:


ВОВЕД: 3

ШТО Е ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ? 4

ПРЕДМЕТ НА МОНИТОРИНГОТ: 5

ЦЕЛ НА МОНИТОРИНГОТ: 5

ФРЕКВЕНЦИЈА НА СЛЕДЕЊЕ: 6

РЕФЕРЕНТНА РАМКА: 6

РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ: 6

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ: 20

ПРИЛОГ: 22

- АНЕКС 1: Табела со резултатите од мониторингот на Владата на РСМ, министерствата и органите во состав за 2023 година 22
- АНЕКС 2: Прашалник за службените лица за посредување со информациите од јавен карактер во однос на активната транспарентност 25



Автори: Оливер Серафимовски
Мелани Ибраими

# ВОВЕД:

Информациите од јавен карактер им се достапни на граѓаните на два начина - со проактивност на самите институции и со реактивни средства – односно со поднесување на барање за информации од одредени јавни институции. Проактивната транспарентност подразбира навремено објавување на информациите од јавен карактер од страна на институциите кои тоа го прават по сопствена иницијатива, пред од нив да бидат побарани по усмен, писмен или електронски пат, преку јасни, транспарентни и лесно достапни веб-страници кои ги содржат сите информации од значење за граѓаните. Ваквото проактивно објавување информации придонесува за зајакнување на правото и ѝ овозможува на јавноста да се запознае со прописите, одлуките, креирањето на политики и други дејствија што се од нивен интерес и истите ги засегаат.

Сите обврски на институциите да ја направат својата работа транспарентна важат и за Владата на РСМ, министерствата, органите во состав, опфатени со Стратегијата за Транспарентност на Владата (2019-2022), како иматели на информации од јавен карактер. Институциите работат во интерес на граѓаните за да обезбедат услови за нивен развој преку нивното транспарентно работење. Од таа причина, важно е граѓаните да бидат навремено и јасно информирани за сите информации од значење за јавноста, а имателите се должни на граѓаните да им овозможат пристап до тие информации.

Општата цел на мониторингот беше да се види нивото на проактивната транспарентност на оваа група на иматели на информации, а во овој извештај ги презентираме наодите од мониторингот кој го испитуваше степенот на објавените информации кои се релевантни за граѓаните, за годишните извештаи за нивната работа, дали на барателите на информации им даваат точни, прецизни и целосни податоци, дали кај имателите има определено службено лице за посредување со информациите од јавен карактер, како и бројни други прашања врз основа на кои се оценува примената на стандардите за проактивна транспарентност, согласно членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

# ШТО Е ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ?

Кога имателите на информации од јавен карактер се отворени кон јавноста, граѓаните непречено дознаваат што и како работат органите на државната власт и другите установи и институции. Со тоа им се овозможува рамноправно да учествуваат во јавниот живот и континуирано да го контролираат работењето на властите.

Проактивното објавување на информации од јавен карактер претставува законска обврска на сите иматели, самоиницијативно и континуирано на своите веб локации да ги објавуваат информациите за својата работа и делување, за носење одлуки, финансиите и за услугите кои ги даваат на граѓаните.

Целта за исполнување на обврската за проактивно објавување на информации се огледа во можноста граѓаните/барателите на информации да го остварат уставно загарантираното право на пристап до информации, преку давање на услугите на имателите на информации на едноставен и брз начин. Воедно, имателите на информации го добиваат потребниот легитимитет, бидејќи демонстрираат одговорност во своето работење, а со тоа ја враќаат довербата на граѓаните во институциите.

Со проактивното објавување на информациите од јавен карактер на имателите јасно им се утврдува законската обврска не само да одговараат на поднесените барања по однос на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, туку и да објавуваат информации од јавен карактер на своите веб локации, како и на оние кои не се побарани. Проактивното објавување на информации од јавен карактер е составен дел на правото на пристап до информации, со што се обезбедува клучните информации да се достапни навремено. Како што наведува Европскиот суд за човекови права, кој го признава како темелно човеково право, „информациите се менливи и секое нивно оддложено објавување, дури и за краток временски период, може да им ја намали нивната севкупна вредност и интересот за нив“.

Проактивно објавените информации на имателите треба да бидат лесно достапни и разбирливи, да можат да се употребат, да бидат релевантни за

граѓаните и истите редовно да се ажурираат. Информацијата е предуслов за одговорна власт и основа за демократските процеси-информациите за работата на имателите им овозможуваат на граѓаните адекватно да донесуваат заклучоци и да партиципираат во носењето на одлуки за прашања кои се од нивен интерес. Транспарентноста и пристапот до информациите од јавен карактер се неделиви инструменти во борба против корупцијата.

Голема предност на проактивното објавување на информации од јавен карактер, особено кога тоа се прави веднаш, е тоа што на имателите на информации им се отежнува можноста да го одрекуваат постоењето на информациите или да вршат манипулација со нив. Тоа значи дека на сите граѓани/баратели на информации од јавен карактер им се заштедува време, пари и труд. Со можноста за пристап до информациите се овозможува остварување на начелото на еднаквост, кое начело има за цел јакнење на довербата во институциите. Ниската проактивност на објавување на информации ја оневозможува јавноста да ја следи, контролира и да учествува во работата на имателите на информации.

# ПРЕДМЕТ НА МОНИТОРИНГОТ:

Мониторингот е фокусиран на проверка на категориите на информации што треба редовно и ажурирано да се објавуваат на веб-страниците на имателите на информации од јавен карактер согласно одредбите на член 9 и член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК).

# ЦЕЛ НА МОНИТОРИНГОТ:

Целта на мониторингот е да се детектираат состојбите во спроведувањето на обврската на имателите на информации од јавен карактер за проактивно објавување на 22-те категории на информации на нивните веб-страници. Тоа помага во реализирањето на надлежноста на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за спроведување на одредбите на ЗСПИЈК и зголемување на капацитетите на имателите на информации од јавен карактер во однос на нивна поголема транспарентност и отвореност. Исто така, мониторингот ќе придонесе за

подобра идентификација на потребите за обука на службените лица кај имателите на информации.

# ФРЕКВЕНЦИЈА НА СЛЕДЕЊЕ:

Фреквенцијата на мониторингот може да биде еднаш годишно, на двегодишна основа или во подолг период, со цел да се обезбеди споредливост на резултатите и да се користат за идентификација на проблеми, потреби за обука и развој на стратегија, од тие причини мониторингот вреди да се спроведува доволно често.

# РЕФЕРЕНТНА РАМКА:

Референтна рамка за мониторинг е прашалникот изработен посебно за таа цел врз основа на категориите наведени во член 10 од ЗСПИЈК. Прашалникот за оваа група на иматели содржи 27 прашања и подпрашања. Во својата основа сите прашања до имателите на информации произлегуваат од членот 10 од ЗСПИЈК и преку наведените прашања имателите вршат самоевалуација на своите веб страници и нивната проактивност, односно дали и во колкава мера ги објавуваат потребните информации кои се од интерес на граѓаните.

# РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ:

Агенцијата, согласно своите надлежности, но и како додадена вредност на слободниот пристап до информации од јавен карактер во однос на проактивното објавување на информациите согласно член 10 од Законот за СПИЈК спроведе мониторинг на 51 имател, односно на веб страниците на имателите на Владата на РСМ, министерствата и органите во состав, опфатени со Стратегијата за транспарентност на Владата (2019-2022), како дел од имателите објавени на Листата на иматели на информации на веб страната на Агенцијата. Мониторингот беше спроведен во периодот од 14 ноември до 14 декември 2023 година. Одделението за соработка и анализи беше задолжено за мониторинг на веб страните за целосно објавување на документите и информациите кои имателите на информации се обврзани да ги објават според членот 10 од Законот.

Треба да напоменеме дека со Мониторингот не се прави анализа на содржините, односно на квалитетот на објавените информации.

Мониторинг беше спроведен согласно методологијата имплементирана во соработка со надворешни експерти, ангажирани од ИПА II Проектот „Транспарентност и отчетност на јавната администрациија", чиј корисник е Агенцијата. Беше изготвен прашалник кој содржи вкупно 27 прашања, кои произлегуваат од членот 10 од Законот. Некои од нив содржат едно или повеќе подпрашања, а максималниот број на можни бодови изнесува 49 бода. Имателите за објавените податоци добиваат 0, 0.5 и 1 бод, односно 2 бода за доставен одговорен Прашалник за самоевалуација од страна на имателите, зависно од бројот и ажурираноста на објавените документи. Прашалникот беше дистрибуиран до имателите, од кои беше побарано сами да извршат евалуација на сопствената транспарентност и повратно прашалниците да ги достават до Агенцијата.

Во рокот предвиден за доставување на одговорите до Агенцијата, имателите доставија 30 прашалника, од кои во 1 прашалник не беа содржани линкови до конкретните документи како што беше барано и не беше земен в предвид при мониторирањето на веб страниците. Од 20 иматели, повратно не добивме пополнети прашалници и овие иматели не добија бодови за доставен и одговорен прашалник за самоевалуација. Со прашалникот имателите на информации најпрвин вршат самоевалуација на сопствената веб страна, а Агенцијата ги проверува дали доставените линкови се корисни за барателите, односно граѓаните при пристапувањето на нивните веб страници.




Веб страниците на мониторираните иматели се различни како по изглед така и по своите содржини и информациите кои се објавуваат. Треба да се потенцира дека веб страните на имателите се ажурираат согласно нивните активности и ја имаат својата функција како прв информатор за граѓаните и услугите кои ги даваат. Но, треба да потенцираме дека она што е цел за лесен пристап до информациите од јавен карактер, односно банерот/линкот ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР кај најголем дел од веб страниците на имателите е објавен на почетната страна со што пристапот до истите ќе биде брз и најмногу со три клика на барателот на информацијата. Оваа дополнета вредност во олеснувањето на пристапот до информациите од јавен карактер произлегува и од Извадокот од Нацрт-Записникот од Сто дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 24 јануари 2023 годинаво во кој имателите кои се опфатени со овој мониторинг се задолжуваат да постават банер со наслов “информации од јавен карактер” на видливо место на нивните веб-локации и истиот да води до информациите од јавен карактер. како и барањата и одговорите по барањата. Оваа обврска ја имаат испочитувано 37 институции, додека 12 иматели тоа го имаат делумно исполнето, од причина што нивните линкови се поместени во некои од линковите на веб страниците. Само две институции се уште го немаат поставено овој банер на почетната своја страна. Најчесто информациите од јавен карактер, линкот до нив, институциите ги поместуваат во линкови како што се: контакт, односи со јавноста и слични секции на веб страните. Исто така, сакаме да потенцираме дека

несистематизираните информации создаваат забуна кај граѓаните, односно до информациите потешко се пристапува. Тоа значи дека веб страните треба да бидат лесно пристапни, а со тоа и информациите кои им се потребни на барателите и се согласно законската обврска за транспарентност на имателите на информации од јавен карактер. Оттука, апелираме до имателите на информации нивните  информации да бидат лесно достапни за користење на граѓаните. „Информирани граѓани, задоволни граѓани“, тоа е максимата за транспарентни институции кои се на услуга на граѓаните.

Во зависност од вкупниот број на бодови кои мониторираните иматели ги добиле по однос на објавените потребни документи и информации согласно членот 10 од Законот, направена е градација на степенот на исполнителност на законската обврска за нивната активна транспарентност, и тоа на следниот начин: иматели со слаба транспарентност помеѓу 0 и 11 бодови, иматели со просечна транспарентност помеѓу 12 и 24 бодови, 25 и 35 добра транспарентност и од 36 до 49 бодови со многу добра транспарентност.

Од мониторираните 51 имател на информации, според методологијата за мониторирање, 29 иматели се со многу добра транспарентност, 16 иматели се со добра транспарентност, а 5 иматели се со просечна транспарентност, а само еден имател е со слаба транспарентност. Треба да потенцираме дека оваа година транспарентноста на мониторираните институции е 74,17%, што претставува многу добра транспареност на мониторираните институции.

Добиените резултати покажуваат дека најголем број на иматели ја подобриле својата транспарентост, но сепак сакаме да потенцираме дека се уште има простор за подобрување на веб страните на имателите и нивната проактивна транспарентн со што институциите ќе имаат задоволни баратели кои на брз и едноставен начин ќе ги добиваат бараните информации од јавен карактер.




Според резултатите од мониторингот, проактивно транспарентни се: Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство и Министерството за одбрана со 49 бодови, а по нив следуваат Министерството за финасии и Царинската управа со 47 бодови. Треба да потенцираме дека веб страните на најдобро рангираните институции имаат лесен и пристапен начин на достапност на информациите од јавен карактер од интерес на барателите и ги поттикнуваме да ја следат и надоградуваат проактивната транспарентност, како и отчетноста во својата работа пред граѓаните.







Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство втора година по ред покажува најдобра проактивна транспарентност во однос на членот 10 од Законот за СПИЈК, заедно со Министерството за одбрана, кое има континуитет во својата транспрентност и отвореност кон барателите на информации.

Најслаба транспарентност покажа Геолошкиот завод на РСМ со само 11 бодови, а пред него се: Бирото за метрологија со 12 бодови, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците со 13 бодови и Државниот

инспекторат за транспорт со 13,5 бодови. Овие иматели треба да ги прилагодат своите веб страници за крајните корисници, односно граѓаните, од причини што на нивните веб страни тешко или пак воопшто не може да се добијат информации за нивната работа и нивното функционирање, што е основната цел на проактивната транспарентост.

Во продолжение е даден графички приказ на најтранспаретните три мониторирани институции кои добиле бодови согласно прашалникот за самоевалиуација и на трите проактивно нетранспарентни институции кои воедно и не одговорија на доставениот прашалник:




Врз основа на мониторираните веб страници согласно методологијата и Прашалникот добиени се следниве резултати и показатели за проактивната транспарентност на имателите: од вкупно 51 мониториран имател на првата група на прашања: ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ, која содржи 11 прашања

со подпрашања, добиени се следните резултати за нивната проактивна транспарентност:




На своите веб страни 25 иматели ги имаат објавено анонимизирано барањата/одговорите за слободен пристап до информациите од јавен карактер, додека 23 иматели не ги објавуваат со што на барателите им оневозможуваат да се запознаат со барањата кои до нив биле поднесени по основ на Законот за СПИЈК. Три иматели оваа обврска ја има испочитувано делумно, бидејќи имаат поместено само дел од бараните години за публикување. Мониторингот на веб страните во делот за објавените податоците за службените лица на кои им е делегирана надлежноста да посредуваат со информациите од јавен карактер покажа дека 43 иматели ја имаат исполнето нивната законска обврска, а 6 иматели ја немаат исполнето, односно немаат поместено податоци за службените лица, а два иматели имаат објавено делумно информации за делегираното службено лице. Овие иматели ги немаат поместено дел од податоците кои се бараат од нив да ги објават и тоа: контакт телефон и е-маил адреса. Основните податоци за контакт со имателот на информацијата ги имаат поместено 50 иматели, а само еден имател контакт податоците на својата веб страница ги има поместено делумно. Податоци за функционерот или одговорното лице

кај имателот на информацијата (биографија и контакт податоци) имаат објавено 21 имател, додека 5 немаат основни податоци за одговорните лица во институциите. Делумни податоци имаат поместено 25 иматели. Основни податоци за контакт со лицето овластено за внатрешно пријавување, 38 иматели ги имаат објавено на својата веб страница, додека 12 институции истите ги немаат поместено. Само еден имател има објавено делумни информации за лицето за внатрешно пријавување, односно ги нема податоците за контакт телефон и службен е-маил. Список на лица вработени кај имателот на информацијата со позиција (службен мејл и службен телефон) имаат објавено 35 иматели, додека 11 иматели ги немаат публикувано овие информации. Делумно објавени информации имаат поместено пет иматели. Појаснувањето на начинот на поднесување на барањето за пристап до информации (начин на поднесување на усно, писмено барање и по електронски пат) 26 иматели го имаат објавено, а 22 институции појаснувањето го немаат на своите веб страници. Три институции оваа обврска ја имаат делумно исполнето, со тоа што ја немаат целосно објавено законската постапка за поднесување барање по слободен пристап до информациите од јавен карактер. Исто така, поместен образец за барање за слободен пристап, на веб страните имаат 38 иматели, а 13 иматели го немаат објавено образецот. Исто така, законската обврска од членот 36 од ЗСПИЈК за објавување на Годишниот извештај на веб страните на имателите, 28 иматели го имаат објавено извештајот за 2022 година, додека 23 институции не ја исполниле законската обврска. За 2021 година, 32 иматели го објавиле извештајот, а 19 иматели не го поместиле извештајот на своите веб страници. Со објавувањето на годишните извештаи имателите на информации покажуваат додадена вредност на проактивната танспарентност.

Од втората група на прашања: ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ, мониторираните 51 имател покажуваат многу добра транспарентност, а тоа може да се забележи и од табелата:




Во врска со објавувањето на законите кои се однесуваат на нивната надлежност, сите мониторирани иматели ги имаат објавено и истите се достапни на нивните веб страни. Само 2 иматела не ги прават достапни за барателите прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт, а седум институции не ги објавуваат правилниците за внатрешна организација, додека 44 од нив ги објавуваат на веб страницата, систематизацијата на работните места 45 иматели ги поместиле во потребниот линк, за разлика од 6 институции кои го немаат објавено овој потребен документ како информација за граѓаните, правилникот за заштитено внатрешно пријавување еден имател го има објавено делумно, додека 12 од нив не го публикувале, а 38 институции го поставиле како информација за граѓаните, додека уредби, наредби и упатства како подзаконски акти објавиле 38 институции, додека 12 не објавуваат ваков тип на информации. Органограмите за внатрешна организација ги имаат објавено 48 иматели, а само 3 иматели не го објавуваат овој документ.

Во третата ОПЕРАТИВНА група на прашања, која се однесува на информации од делокругот на нивната работа и содржи 6 прашања, кај мониторираните иматели имаат многу добра проактивна транспарентност.




Од потребните документи, 43 иматели ги имаат објавено своите стратешки планови за работа, седум институции ги немаат поместено, а една делумно ги имаат публикувано. Преку Стратегиите за работа граѓаните можат да добијат квалитетна и релевантна информација и овој документ го имаат објавено 38 иматели, додека 12 институции стратегиите ги немаат објавено. Годишните планови и програми за работа ги имаат објавено 34 иматели, додека 15 иматели овие документи не ги прават достапни до граѓаните, а само две институции делумно ги публикуваат. Предлог документите на веб страните имаат поместено 38 институции, а 18 иматели овие информации не ги објавуваат на веб страните. Институциите својата транспарентност во делот во кој ги објавуваат своите извештаи за работата е потребно да ја исполнат во целост за да граѓаните се информираат за тоа како истите ја исполниле својата работа и надлежност, а овие документи ги имаат објавено 36 иматели, додека 12 институции ги немаат публикувани извештаите за својата работа, додека 3 иматели за нивната работа известуваат делумно.

Објавените акти и мерки кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателите на информации, на своите веб страници ги имаат поставено 45 иматели, додека пет иматели не ги поместиле овие информации, а само една институција делумно ги информира граѓаните за овој тип на документи. Во

оваа група на прашања имателите треба да ја презентираат својата проактивност со објавување на сите потребни документи кои произлегуваат од нивната надлежност и на тој начин потенцијалните баратели ќе ги добиваат информациите на брз и едноставен начин.

Според мониторингот, својата проактивна транспарентност имателите најмногу треба да ја подобрат во четвртата група на прашања: БУЏЕТ, ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ И ЈАВНИ НАБАВКИ, од причини што интересот на граѓаните е насочен најмногу во однос на финансиското работење на институциите, а особено во делот на објавените буџети, финансиските извештаи, ревизорски извештаи и публикувањето на информациите и документите кои се однесуваат на јавните набавки.




Во делот за објавување на буџетите за последните три години мониторираните институции ја покажуваат следната проактивна транспарентност: 32 мониторирани институции ги имаат објавено своите

буџети за 2023 година, додека 19 не го публикуваат буџетот на својата институција, за 2022 година 34 иматели го имаат објавено потребниот документ, а 17 иматели тоа не го имаат презентирано на веб страницата. Состојбата со објавениот буџет за 2021 година не се разликува од другите години и во овој дел 38 институции ја публикуваат бараната информација, а 13 иматели не го објавиле на сопствените страници.

Информации за завршните сметки и тоа за 2022, 2021 и 2020 година имаат поместено на веб страните 38 иматели, додека 13 институции не ја објавиле завршната сметка за 2022 година. За 2021 година 41 имател ја поместил на веб страната оваа информација, за разлика од 10 институции кои не ја исполниле законската обврска. Најмногу информации за завршната сметка за 2020 година објавиле 42 иматела, наспроти 9 институции кои не го публикувале проактивно бараниот документ. И овој сет на документи имателите ќе треба да ги објават од причини што граѓаните треба да имаат увид на кој начин средствата од буџетите на институциите биле распределени и истите искористени за потребите на граѓаните.

Сакаме да им посочиме на мониторираните иматели, буџетите да не ги објавуваат во pdf формат, туку во excel формат за да бидат прегледни и употребливи за граѓаните и барателите на информации од јавен карактер, а воедно и да го следат светскиот тренд на објавување на овој вид информации во отворен формат. Со тоа, информацијата станува употреблива за работа на барателите кои работат анализи и друг вид на информации, со што финасиите ќе бидат подостапни за граѓаните. Исто така, секоја институција да го објавува својот буџет, односно на институцијата, а не како целосен Буџет на РСМ, од причини што истиот документ ќе биде неупотреблив за барателите на информации кои се заинтересирани да дојдат до бараната информација од одредена институција. Преку објавувањето на овој клучен финансиски документ граѓаните ќе бидат запознаени за плановите на институциите на кој начин ќе бидат трошени и распределени финансиските средства за нивната работа. Сакаме да потенцираме дека со објавувањето на овие информации се спречува потенцијалната корупција, а со отчетното објавување се намалува ризикот, но и сомнежот од евентуални коруптивни дејанија.

Само 13 иматели, од вкупно 51 мониторирана институција, ги објавуваат кварталните финансиски извештаи кои што се законска обврска за институциите да ги објавуваат на своите веб страници.

Ревизорските извештаи ги имаат објавено 30 иматели, а 21 институција овој документ го немаат публикувано. За извршена ревизија на нивната институција известуваат 31 имател, додека линк до бараната информација дава 20 институции. Ревизорскиот извештај е важен документ за граѓаните преку кој можат да извршат увид во работењето на институциите и да ги увидат забелешките кои се дадени во овие извештаи за имателите и да видат дали институцијата постапила по наодите во ревизорските извештаи.

Резултатите од мониторингот покажаа дека и во делот за јавните набавки имателите треба да бидат многу проактивни во објавувањето на овие документи. Па така, само 32 институции го објавиле годишниот план за јавни набавки од вкупно 51 институција. Годишниот план не го објавиле 19 иматели, а со тоа граѓаните не можат да видат што и како институциите предвиделе дека им е потребно за нивното тековно работење. Необјавувањето на годишниот план создава сомнеж за можни коруптивни дејствија кај имателите. Со проактивното објавување на годишниот план за јавни набавки, институциите ја покажуваат својата отчетност во однос на јавните набавки.

33 иматели ги имаат објавено огласите за јавни набавки, додека 17 институции не ги линкувале информациите на своите веб страни во врска со огласувањето на истата. Една институција оваа информација ја има поместено делумно, односно само го има поместено како информација за огласот (линкот), но истиот не ја содржи конкретната информација. Само 30 институции ги објавиле известувањата за склучените договори и ја исполниле оваа законска обврска, додека 20 иматели не го објавиле известувањето за склучениот договор. Исто така, еден имател делумно ја објавил оваа информација. Објавувањето на информациите во делот за јавни набавки е еден од основните параметри во антикоруптивното работење на институциите, но и за зголемување на довербата на граѓаните во нивното работење.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ:

Нивото на транспарентност и отчетност во работењето на Владата на РСМ, министерствата и органите во состав имаат зголемен тренд на проактивно објавување на информациите од јавен карактер и нивната транспарентност оваа година е оценета како многу добра. Од мониторираните институции најголем дел се со многу добра транспарентност и Агенцијата на имателите им препорачува и во иднина доследно да ги почитуваат стандардите за транспарентност и отчетност, од причини што само на тој начин институциите и нивната работа ќе бидат повеќе достапни до крајните корисници, барателите на информации од јавен карактер, односно граѓаните.

Имателите кои со мониторингот имаат просечна и слаба транспарентност е потребно да вложат многу поголем труд за да ја подобрат и зајакнат што повеќе својата проактивност кон граѓаните. Информациите кои ги публикуваат да ги поставуваат во посебен банер/линк под наслов ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР, со што истите ќе бидат лесно достапни до барателите и на тој начин ќе го намалат бројот на барања по слободен пристап до информациите од јавен карактер. Имателите на своите веб страни имаат подлинкови насловени како слободен пристап, информации од јавен карактер, транспарентност, но тие се во линкови кои не се прегледни и лесно достапни за граѓаните, односно барателите на информации. Имателите на своите веб страни треба да ги следат и да ги објавуваат редовно своите информации согласно членот 10 од Законот и своите надлежности.

Имателите, повторно ќе потенцираме, дека преку поставување на унифициран банер во кој ќе ги објавуваат информациите од јавен карактер, а воедно и ќе ги ажурираат информациите ќе бидат по достапни до граѓаните, а на тој начин барателите на информации на брз и едноставен начин ќе можат да пристапат до бараните информации кои се од нивен интерес.

И во иднина, на обуките кои Агенцијата континуирано ги организира за службените лица кај имателите на информации ќе продолжи да го става

акцентот на активната транспарентност и доследна примена на членот 10 од Законот за СПИЈК, бидејќи на тој начин имателите им помагаат на граѓаните подобро да го разберат функционирањето на институциите, нивните права и обврски, начинот на кој што можат да влијаат врз донесувањето на одлуките што се рефлектираат врз нивното секојдневно живеење и работење, како и полесно да им пристапат на услугите што со својата надлежност им ги нудат мониторираните институции како иматели на информации од јавен карактер.

# ПРИЛОГ:

## АНЕКС 1: Табела со резултатите од мониторингот на Владата на РСМ, министерствата и органите во состав за 2023 година

| | ИНСТИТУЦИИ | Одговорени прашалници | Конечен резултат | % | НИВО НА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство | да | 49 | 100% | МНОГУ ДОБРА ТРАНСПАРЕНТНОСТ |
| 1 | Министерство за одбрана | да | 49 | 100% | |
| 2 | Министерство за финансии | да | 47 | 95,92% | |
| 2 | Царинска управа на РСМ | да | 47 | 95,92% | |
| 3 | Канцеларија на претседателот на Влада на РСМ | да | 46 | 93,88% | |
| 3 | МИОА | да | 46 | 93,88% | |
| 4 | Државен просветен инспекторат | да | 45,5 | 92,86% | |
| 5 | Министерство за економија | да | 45 | 91,84% | |
| 5 | Министерство за животна средина и просторно планирање | да | 45 | 91,84% | |
| 5 | Државен управен инспекторат | да | 45 | 91,84% | |
| 6 | МТСП | да | 44,5 | 90,82% | |
| 7 | Влада на РСМ -ГС | да | 44 | 89,80% | |
| 7 | МВР | да | 44 | 89,80% | |
| 7 | Министерство за правда | да | 44 | 89,80% | |
| 7 | МОН | да | 44 | 89,80% | |
| 8 | Управа за заштита на културното наследство | да | 43 | 87,76% | |
| 9 | Агенција за храна и ветеринарство на РСМ | не | 42,5 | 86,73% | |
| 10 | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи | да | 41,5 | 84,69% | |
| 10 | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам | не | 41,5 | 84,69% | |
| 11 | Биро за јавни набавки | не | 41 | 83,67% | |
| 11 | Биро за регионален развој | да | 41 | 83,67% | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Државен пазарен инспекторат | не | 41 | 83,67% | |
| 12 | Управа за јавни приходи | не | 38 | 77,55% | |
| 12 | Државен инспекторат за животна средина | да | 38 | 77,55% | |
| 13 | Министерство за здравство | не | 37,5 | 76,53% | |
| 14 | Државен завод за статистика | да | 37 | 75,51% | |
| 14 | Државен инспекторат за земјоделство | да | 37 | 75,51% | |
| 15 | Министерство за култура | не | 36,5 | 74,49% | |
| 16 | Министерство за локална самоуправа | не | 36 | 73,47% | |
| 17 | Биро за застапување на РСМ пред Европскиот суд за човекови права | да | 35,5 | 72,45% | ДОБРА ТРАНСПАРЕНТНОСТ |
| 18 | Државен архив на РСМ | не | 35 | 71,43% | |
| 18 | Биро за развој на образованието | да | 35 | 71,43% | |
| 18 | Управа за финансиско разузнавање | да | 35 | 71,43% | |
| 18 | Државен инспекторат за техничка инспекција | да | 35 | 71,43% | |
| 19 | Министерство за транспорт и врски | не | 34,5 | 70,41% | |
| 20 | Биро за процена | не | 34 | 69,39% | |
| 21 | МНР | не | 33 | 67,35% | |
| 21 | Управа за водење на матичните книги | да | 33 | 67,35% | |
| 21 | Државен инспекторат за труд | делумно | 33 | 67,35% | |
| 22 | Државен комунален инспекторат | да | 32 | 65,31% | |
| 23 | Агенција за млади и спорт | не | 31 | 63,27% | |
| 23 | Управа за финансиска полиција | не | 31 | 63,27% | |
| 24 | Агенција за национална безбедност | не | 30 | 61,22% | |
| 25 | Агенција за иселеништво на РСМ | да | 29 | 59,18% | |
| 26 | Државен санитарен и здравствен инспекторат | делумно | 27 | 55,10% | |
| 27 | Управа за извршување санкции | не | 24,5 | 50% | ПРОСЕЧНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 28 | Државен инспекторат за локална самоуправа | не | 20 | 40,82% | |
| 29 | Државен инспекторат за транспорт | не | 13,5 | 27,55% | |
| 30 | Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | не | 13 | 26,53% | |
| 31 | Биро за метрологија | не | 12 | 24,49% | |
| 32 | Геолошки завод на РСМ | не | 11 | 22,45% | СЛАБА ТРАНСПАРЕНТНОСТ |

# АНЕКС 2: Прашалник за службените лица за посредување со информациите од јавен карактер во однос на активната транспарентност

| Прва група ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ |
|---|
| 1.Дали на почетната страна ја имате објавено листата на информации? |
| 2. Дали на веб страната ги имате објавено анонимизирано барањата/ одговорите за слободен пристап до информациите од јавен карактер? |
| 3.Податоци од вашите надлежности? |
| 4. Основните податоци за контакт со имателот на информација и тоа |
| 4.1. назив |
| 4.2 адреса |
| 4.3 телефонски број |
| 4.4 е-маил адреса |
| 4.5 адресата на интернет страната |
| 5.Податоците за функционерот или одговорното лице кај имателот на информацијата |
| 5.1 биографија |
| 5.2 податоци за контакт |
| 6. Осн.податоци за контакт со службено лице за посредување со информации и тоа |
| 6.1 име и презиме |
| 6.2 е-маил адреса |
| 6.3 телефонски број |
| 7.Основни податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување и тоа |
| 7.1 име и презиме |
| 7.2 е-маил адреса |
| 7.3 телефонски број |
| 8. Список на лица вработени кај имателот на информацијата со позиција |
| 8.1 службен е-маил |
| 8.2 службен телефон |

| |
|---|
| 9. Појаснување на начинот на поднесување на барањето за пристап до инф.(начин на поднесување на усно, писмено барање и по електронски пат)? |
| 10. Поставен образец за барање за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| 11.Од која година го имате поставено годишниот извештај за пристап до инф. од јавен карактер |
| 2022 |
| 2021 |
| Втора група ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ |
| 12. Законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации |
| 13. Прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт |
| 13.1 правилник за внатрешна организација |
| 13.2 правилник за систематизација на работните места |
| 13.3 правилник за заштитено пријавување |
| 13.4 уредби /наредби / упатства |
| 14. Органограм за внатрешна организација |
| Трета група ОПЕРАТИВНА |
| 15. Стратешки планови за работата на имателите на информации |
| 16. Стратегии за работата на имателите на информации |
| 17. Годишни планови и програми за работа |
| 18. Дали се поставени на веб страната предлог на документи ( предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии) |
| 19. Дали се објавени извештаите за работа кои ги поднесувате до надзорните органи |
| 20. Објавени акти и мерки кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информации |
| Четврта група БУЏЕТ, ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ И ЈАВНИ НАБАВКИ |
| 21. Годишен буџет за последните три години |
| 2023 |
| 2022 |
| 2021 |
| 22.Завршна сметка за последните три години |
| 2022 |

| 2021 |
|---|
| 2020 |
| 23.Квартални финансиски извештаи за тековната година |
| 24.Дали е извршена ревизија на вашата институција |
| 24.1 Дали е објавен ревизорскиот извештај |
| 25. Дали е објавен годишниот план на јавни набавки |
| 26. Дали се објавуваат огласите за јавни набавки |
| 27. Дали се објавува известувањето за склучен договор |
| 28.Одговорен прашалник за самоевалуација |